# БАЛКАНОТ СО НОВА КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА КОН ЕУ

## ЗА ГРУПАТА ЗА ЈАВНО ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗАПАДНОБАЛКАНСКАТА ШЕСТОРКА

Групата за јавно застапување на Западнобалканската шесторка (**ЗБ6**) беше основана на 29 септември во Белград, а меморандумот за соработка е потпишан на 29 ноември 2016 година во Брисел.

## ЧЛЕНОВИ НА ЗАПАДНОБАЛКАНСКАТА ШЕСТОРКА (**ЗБ6**):

- Албански институт за меѓународни студии (AIIS) – *Албанија;*
- Надворешно-политичка иницијатива БХ (FPI-BH) – *Босна и Херцеговина;*
- Косовска фондација за граѓанско општество (KCSF) – Kosovo;
- Институт за европска политика – Скопје (EPI) – *Македонија;*
- Европско движење во Србија (EMinS) – *Србија;*
- Европско движење во Црна Гора (EMisM) – *Црна Гора;*

Дополнително, четири организации од Вишеградската група учествуваат како партнери во ЗБ6: Еуропеум институт за европска политика од Чешка, ЦЕУ – Центар за европски соседски студии од Унгарија, Центар за источни студии од Полска и Словачката надворешно-политичка асоцијација од Словачка. Овие организации помогнаа во создавањето на стратегијата за застапување.

## ЦЕЛТА НА ЗБ6 Е:

- Олеснување и забрзување на **приклучувањето на регионот кон ЕУ**;
- Промовирање на **позитивен углед** на регионот;
- Приоритизирање на **проширувањето на ЕУ** кон Западниот Балкан.

## АКТИВНОСТИТЕ НА ЗБ6 ВКЛУЧУВААТ:

- **Заедничко застапување**;
- Воспоставување **партнерства** и подобрување на регионалната соработка;
- Зајакнување на **експертизата и ресурсите** потребни за успешно застапување.

Групата за застапување на Западнобалканската шесторка има своја веб страна на адресата: www.wb6.info.

## ЗА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

Стратегијата за застапување на Западен Балкан (рамки) е развиена од четири организации од ЗБ: (AIIS, EMinM,EMinS, FPI-BH), во соработка со партнерите од Вишеградската група, кои го поддржаа развивањето со своето искуство и експертиза.

**Препрека #1:**
Маргинализација на проширувањето на ЕУ агендата

**Цел #1:**
Да се оживее проширувањето кон ЗБ на европската агенда

**Препрека #2:**
Намалување на поддршката за проширувањето на ЕУ во земјите членки

**Цел #2**:
Зголемување на поддршката за проширувањето во земјите членки преку подобрување на имиџот на ЗБ

**Препрека #3:**
Намалување на поддршката на европската интеграција во Западниот Балкан

**Цел #3:**
Да се зголеми влијанието на официјалниот про-ЕУ дискурс и посветеноста на регионалната соработка во Западниот Балкан

## ЕЛЕМЕНТИТЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

### ЦЕЛНИ ГРУПИ

- Целни групи во Западниот Балкан:
  - Државни институции;
  - Граѓанско општество и тинк-тенк организации;
  - Образовни институции;
  - Бизнис асоцијации и комори;
  - Медиуми.
- Целни групи во ЕУ и земјите членки:
  - Институциите на ЕУ и институциите во земјите членки;
  - Тинк-тенк организации;
  - Влијателни меѓународни и бриселски медиуми.

### АКТИВНОСТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

- Алатки за застапување: написи, предлози за политики, информативни билтени, студии, презентации.
- Канали за застапување: состаноци, тркалезни маси, конференции, медиумски кампањи, говори и обраќања, промотивни настани и патувачки каравани.
- Сеопфатни пораки и мобилизаторски повици кон целни групи.

*Овој настан е финансиран од страна на Советот за регионална соработка во рамките на имплементација на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020.*